# С Л У Ж Б Е Н Г Л А С Н И К

# НА ОПШТИНА БОСИЛОВО

СЛУЖБЕН ГЛАСНИК НА ОПШТИНА БОСИЛОВО ИЗЛЕГУВА ПО ПОТРЕБА

10.04.2024 ГОДИНА
Б О С И Л О В О
БР.38 ГОД.29

ПРИМЕРОКОТ Е Б Е С П Л А Т Е Н

## С о д р ж и н а

3.Одлука за определување на места за бесплатно лепење на плакати за Претседателските и Парламентарни избори 2024 година.

Врз основа на член 44,став 1 и член 81 став 3 од Статутот на општина Босилово („Сл.гласник на општина Босилово“ бр.21/14) градоначалникот на општина Босилово,донесе:

Р Е Ш Е Н И Е

За прогласување на Одлуката бр.08-722/1 за определување на места за бесплатно лепење на плакати за Претседателските и Парламентарни избори 2024 година ,донесена на триесетиосмата седница на Советот на општина Босилово,одржана на ден 10.04.2024 година.

| | |
|---|---|
| Бр.09-723/1 | Општина Босилово |
| 11.04.2024 година | Градоначалник, |
| Б о с и л о в о | Ристо Манчев с.р. |

Врз основа на чл.78 став 1,чл.6 и чл.7 од Изборниот законик („Сл.весник на РМ“ бр.32/2004,40/2006,136/2008,97/2016..........26/19 и „Сл.весник на Република Северна Македонија“ бр.98/19,42/20,74/21 и 215/21) и чл.21 став 1 точка 44 од Статутот на Општина Босилово Сл.гласник на Општина Босилово бр.21/14) Советот на Општина Босилово на седницата одржана на ден 10. 04.2024 година,донесе:

**О Д Л У К А**
**За определување на места за бесплатно лепење на плакати за Претседателските и Парламентарните избори 2024 година**

**чл.1**

На престојните Претседателски и Парламентарни избори 2024 година за избор на претседател и пратеници политичките партии можат бесплатно да лепат плакати на општинските објекти во сите населени места.

**Чл.2**

Политичките партии можат да лепат плакати и на приватни објекти до колку тоа го дозволат сопствениците на објектите.

**Чл.3**

Не е дозволено лепење на плакати во кампањата на објекти каде што се наоѓа гласачкото место или постројките каде што се спроведува гласањето.

**Чл.4**

Уништувањето на изборните плакати или лепење на плаката врз плакати на други учесници во изборната кампања не се дозволува.

**Чл.5**

Учесниците во изборната кампања се должни во рок од 30 дена по завршување на изборите да го отстранат плакатите како и сметот од плакатите.

**Чл.6**

Одлуката влегува во сила со денот на нејзиното донесување,а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Босилово“.

| | |
|---|---|
| Бр.08-722/1 | Совет на општина Босилово |
| 11.04.2024 год. | Претседател, |
| Б о с и л о в о | Мито Андонов с.р. |